**20261141677**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 23 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/98) и член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 мај 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА НА МЕШОВИТИОТ КОМИТЕТ НА ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКИОТ ДОГОВОР ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА БР. 12/2025 ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКУВАНИ ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ

1. Со оваа одлука се одобрува примената на Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр.12/2025 за признавање на квалификувани доверливи услуги, усвоена во Приштина на 16 декември 2025 година.
2. Составен дел на оваа одлука е Одлуката на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр.12/2025 за признавање на квалификувани доверливи услуги.
3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3053/10
26 мај 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**ОДЛУКА НА ЗАЕДНИЧКИОТ КОМИТЕТ НА ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКИОТ ДОГОВОР ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА**

**Бр. 12/2025**

**за признавање на квалификувани доверливи услуги**

Мешовитиот комитет,

Имајќи го предвид член 40.4 од Анекс 1 на Договорот за изменување и пристапување кон Централноевропскиот Договор за слободна трговија, склучен во Букурешт на 19 декември 2006 година („ЦЕФТА 2006“);

Имајќи ги предвид обврските на страните на ЦЕФТА согласно Дополнителниот протокол 6 за трговија со услуги („AP 6“) и особено неговиот Член 18 за „Електронска трговија“, кој ја потврдува обврската на страните на ЦЕФТА да одржуваат дијалог за регулаторните прашања што ги покренува електронската трговија, што треба да се осврне, меѓу другото, на признавањето на сертификатите за електронски потписи издадени на јавноста и олеснувањето на услугите за сертификација меѓу страните,

Имајќи предвид дека Патоказот на ЦЕФТА за регулаторен дијалог за електронска трговија предвидува создавање општа рамка за признавање на електронски потписи и други доверливи услуги, која би поставила општи стандарди и би била моделирана според регулативите на Европската Унија во оваа област,

Потсетувајќи дека страните на ЦЕФТА го идентификуваа како приоритет признавањето на електронските потписи и другите доверливи услуги како клучни овозможувачи на електронската трговија,

Нагласувајќи ја важната улога на тековното приближување на страните на ЦЕФТА кон acquis на ЕУ во однос на правилата за дигитален идентитет и доверливи услуги,

Одлучи следново:

Член 1

Цел

Оваа Одлука има за цел да ги олесни електронските трансакции во рамките на ЦЕФТА преку признавање на квалификувани доверливи услуги.

Член 2

Опфат

(1) Оваа Одлука се применува на квалификувани даватели на доверливи услуги основани во страна на ЦЕФТА.

(2) Оваа Одлука не се применува на обезбедување квалификувани доверливи услуги што се користат исклучиво во затворени системи што произлегуваат од регулативите или административните упатства на страната или од договори меѓу дефиниран сет на учесници.

Член 3

Дефиниции

(1) За целите на оваа Одлука и нејзиното спроведување, се применуваат следните дефиниции:

(а) „електронски потпис" значи податоци во електронска форма кои се прикачени или логички поврзани со други податоци во електронска форма, а кои ги користи потписникот за потпишување;

(б) „квалификуван електронски потпис" значи напреден електронски потпис кој е креиран од квалификуван уред за креирање електронски потпис, а кој се базира на квалификуван сертификат за електронски потписи;

(в) „квалификуван уред за креирање електронски потпис" значи уред за креирање електронски потпис кој ги исполнува барањата утврдени во Анекс II на Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европската Унија за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар;

(г) „сертификат за електронски потпис" значи електронска потврда, која ги поврзува податоците за валидација на електронски потпис со физичко лице и го потврдува барем името или псевдонимот на тоа лице;

(д) „квалификуван сертификат за електронски потпис" значи сертификат за електронски потписи, кој е издаден од квалификуван давател на доверливи услуги и ги исполнува условите утврдени во Анекс I на Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европската Унија за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар, како што е изменета со Регулативата (ЕУ) 2024/1183;

(ѓ) „доверлива услуга" значи електронска услуга што вообичаено се обезбедува за надомест, која се состои од било кое од следново:

> (а) издавање сертификати за електронски потписи, сертификати за електронски печати, сертификати за автентикација на веб-страница или сертификати за обезбедување други доверливи услуги;
>
> (б) валидација на сертификати за електронски потписи, сертификати за електронски печати, сертификати за автентикација на веб-страница или сертификати за обезбедување други доверливи услуги;
>
> (в) креирање на електронски потписи или електронски печати;
>
> (г) валидација на електронски потписи или електронски печати;

(д) зачувување на електронски потписи, електронски печати, сертификати за електронски потписи или сертификати за електронски печати;

(ѓ) управување со уреди за креирање електронски потписи од далечина или уреди за креирање електронски печати од далечина;

(е) издавање електронски потврди за атрибути;

(ж) валидација на електронско потврдување на атрибути;

(з) креирање електронски временски печати;

(ѕ) валидација на електронски временски печати;

(и) обезбедување електронски услуги за регистрирана достава;

(ј) валидација на податоци пренесени преку електронски услуги за регистрирана достава и поврзани докази;

(к) електронско архивирање на електронски податоци и електронски документи;

(л) евидентирање на електронски податоци во електронска книга;

(е) „квалификувана доверлива услуга“ значи доверлива услуга што ги исполнува применливите барања утврдени во Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европската Унија за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар, како што е изменета со Регулативата (ЕУ) 2024/1183;

(ж) „давател на доверливи услуги“ значи физичко лице или организација што обезбедува една или повеќе доверливи услуги како квалификуван или како неквалификуван давател на доверливи услуги;

(з) „квалификуван давател на доверливи услуги“ значи давател на доверливи услуги што обезбедува една или повеќе квалификувани доверливи услуги и му е доделен квалификуван статус од страна на надзорниот орган;

(ѕ) „атрибут“ значи карактеристика, квалитет, право или дозвола на физичко лице или на организација или на објект;

(и) „ЦЕФТА листа на доверливи листи“ значи листата што ги обезбедува квалификуваните даватели на доверливи услуги и квалификуваните доверливи услуги признати преку Рамката за признавање на ЦЕФТА;

(ј) „валидација“ значи процес на проверка и потврдување дека податоците во електронска форма се валидни.

(2) За целите на оваа Одлука и нејзиното спроведување, секоја друга дефиниција предвидена во член 3 од Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014, како што е изменета со Регулативата (ЕУ) 2024/1183, ќе се земе предвид за цели на појаснување.

Член 4

Признавање на квалификувани доверливи услуги преку Рамката за признавање на ЦЕФТА

(1) Поткомитетот на ЦЕФТА за трговија со услуги ќе му препорача на Мешовитиот комитет да ја признае како еквивалентна на квалификувана доверлива услуга издадена од давател на доверливи услуги од ЦЕФТА страна секоја квалификувана доверлива услуга издадена од давател на доверливи услуги од друга ЦЕФТА страна, под услов Дополнителниот протокол 6 да стапил во сила за таа страна и давателот на доверливи услуги и доверливите услуги да ги исполнуваат применливите барања утврдени во релевантната регулатива на ЕУ.

(2) Поткомитетот на ЦЕФТА за трговија со услуги ќе даде препорака наведена во Член 4 од оваа Одлука врз основа на поврзаниот извештај од Работната група за дигитална соработка.

(3) Работната група за дигитална соработка ќе ги утврди барањата и ќе ја развие методологијата за признавање на давател на доверливи услуги основан во ЦЕФТА-страна и обезбедените квалификувани доверливи услуги. Работната група ќе се стреми да подготви прв нацрт на барањата и методологијата во рок од една година од влегувањето во сила на оваа Одлука.

(4) Применливите барања треба да одговараат на оние утврдени во релевантната регулатива на ЕУ, како што е прилагодена на контекстот на ЦЕФТА.

(5) Методологијата треба да го регулира, меѓу другото, барањето за признавање, започнувањето на постапката, процената со барањата, поништувањето/суспендирањето на признавањето и воспоставувањето на ЦЕФТА Листа на доверливи листи.

(6) ЦЕФТА Листата на доверливи листи треба да биде достапна на веб-страницата на ЦЕФТА и да се ажурира.

Член 6

Преглед

(1) Поткомитетот за трговија со услуги ќе ја следи и ќе ја разгледува примената на оваа Одлука и ќе поднесува годишен извештај до Мешовитиот комитет.

(2) Секретаријатот на ЦЕФТА ќе го поддржи прегледот и подготовката на извештајот.

Член 7

Влегување во сила

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

***

Усвоена во Приштина на 16 декември 2025 година во присуство на сите страни на ЦЕФТА